# СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2024/2025 (47-ма недела, до 24.11.2024)

## *Неделни податоци*

Во текот на 47-ма недела од 2024 година (од 18-24.11.2024), во Република Северна Македонија, пријавени се 63 случаи (I=3,4/100.000 жители) на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, за еден помалку во споредба со претходната недела (n=64). Во споредба со 47-ма недела од минатата сезона (n=51), бројот на пријавени случаи е зголемен за 23,5%, додека во однос на моделот за последните 14 сезони (n=73), се регистрира намалување од 13,4% *(Графикон 1)*.

Во текот на 47-ма извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнаа 14 материјали за лабораториско тестирање на грип, 6 од сентинел САРИ надзорот и 8 од рутинскиот надзор, паралелно тестирани за грип, SARS-CoV-2 и RSV. Не се регистрирани позитивни случаи на грип и RSV. Регистриран е еден позитивен случај на SARS-CoV-2 (КОВИД-19).

Пријавената инциденца е под неделната граница на сезонската активност на вирусот на грип (I=26,1/100.000), односно сè уште не е достигнат прагот на влез во сезоната на грип *(Графикон 1)*.

***<u>Графикон 1.</u>*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2024, сезона 2023/2024 и сезона 2024/2025*




Во однос на возраста, од 15-64 години се регистрирани 32 лица, од 5-14 години – 22, над 65 години – 8 и од 0-4 години – 1 лице. Највисока инциденца (10,2/100.000) се регистрира кај лицата на возраст од 5-14 години.

Заболените лица оваа недела се регистрирани во Куманово – 13, Тетово – 11, Струмица – 10, Гостивар – 9, Свети Николе – 5, по 3 во Кавадарци, Прилеп и Скопје, по 2 во Неготино и Радовиш и по еден во Кочани и Берово.

## *Кумулативни податоци*

**Во сезоната 2024/2025** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **389 случаи (I=21,2/100.000)**.
Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=402), бројот на пријавени случаи е намален за 3,2%, а во однос на моделот од последните 14 сезони (n=403) се регистрира намалување од 3,6%.

Кумулативно, заболени се пријавени од 14 ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број (n=122) на заболени се регистрира во Куманово, додека највисока кумулативна инциденца (115,8/100.000) е регистрирана на територијата на Гостивар.

Во однос на дистрибуцијата по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) - 235 случаи (60,4%), а највисока инциденца (39,1/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години (n=84).

## ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР

Од почетокот на сезоната 2024/2025, заклучно со 47-ма недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 134 материјали од здравствените установи - од амбулантски и болнички лекувани пациенти за тестирање за респираторни вируси, од рутинскиот и сентинел САРИ надзорот.
Досега, регистрирани се 2 случаи на SARS-CoV-2. Не се регистрирани позитивни случаи на грип и RSV.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ СЕЗОНСКИ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

За сезоната 2024/2025, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 70.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 10.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for International Vaccine Initiatives).

На 21.10.2024 година започна вакцинацијата против сезонски грип. Вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) со нивните Подрачни единици (ПЕ) и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници се спроведува во Институтот за јавно здравје. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.

Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 68.448 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини.

Дополнителни 2.600 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на ЦЈЗ, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во ЦЈЗ со нивните Подрачни единици.

Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 1.684 лица.

**Во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 70.132 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## **ЕВРОПСКИ РЕГИОН - ERVISS (European Respiratory Virus Surveillance Sumary)**

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 46-та недела 2024 година, активноста на вирусот на грип е на карактеристично ниво за овој период од годината.

Стапките на заболување слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 9 од 34 земји во европскиот регион на СЗО.

Позитивноста на SARS-COV-2 на регионално ниво продолжува полека да опаѓа, но има варијации помеѓу земјите. Постарите возрасни групи и понатаму претставуваат најголем дел од случаите. Активноста на RSV во последните 4 недели благо се зголемува. Активноста на грипот останува на ниско ниво.

На регионално ниво, приемите во болница и интензивна нега за грип и RSV се стабилни на ниски нивоа. Приемите за SARS-CoV-2 се намалуваат.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***